# Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во посета на општините



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на месец Јуни и Јули 2013 година согласно акциониот план, оствари посета на секоја општина поединечно со цел запознавање на стручните служби во општината со можностите за користење на средства од програмите за финансиска поддршка кои ги имплементира Агенцијата.

Воедно, на покана на градоначалниците, на средбите присуствуваа заинтересирани лица жители на општината, потенцијални корисници на средства од програмите за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој.

На средбите беа презентирани мерките, критериумите, висината на поддршката, начинот на поднесување барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година, Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година, Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата 2013 година, како и ИПАРД Програмата.



Претставниците на Агенцијата одговараа на прашања поставени од прусутните.

